
Марија Емилија Кукубајска

Како, кога ти сакаш да им простиш, а тие чинат се’ за да не постоиш.

Небото, Сезнајната, Сеприсутна моќ, Господарот на вселената, со својата Љубов му простува на човекот, но, немилосрдниот бунтовник, непокајниот непријател, продолжува да го чини спротивното, да уништува. Преку своите космички, духовни и физички закони, Природата на Бог, им простува на своите создадени, ги помирува со Мир и Мудрост, но одметникот, и од внатре и од надвор чини чинки - телата и делата Божји да не постојат.

Простувањето не е по наредба, ниту по слободен избор. Простуваш за рамнотежа на законитоста, за и на тебе да ти биде простено, од Природата, од Бог.

Ако во твоето барање прошка, во твоето извинување - нема жал, ако твојата совест нема каење, како ќе му се извиниш на другиот, како ќе бараш тој да ти прости, како ќе ти верува дека нема и понатаму да грешиш, кон него, кон другите, кон самиот себе?

Ако не сакаш да им простиш на другите, и кога тие ги признаваат своите грешки кон тебе, ти си тој што ги прекршуваш законите на духовната и физичката правда, праведност. Не одбивај ја понудената, и побараната прошка. Простувај несебично, со чисто срце, за твојата свест и совест и верба во доброто да биде обновена, за да се постигнува прочистување на екологијата на душата. За да се обнови во тебе животот спрема човечните закони поставени од вселената, за да ја почувствуваш возвишената Љубов од твојот Создавач, и со неа да растеш во својата човечност.

Како да им простиме на грабливите луѓе-птици-пци **грабливци** кои незаситно кинат од

се’ што ни е дадено од Природата, та нашите деца да гинат без своите внатрешни и надворешни органи на постоење, без право да имаме јазик, душа, ум, тело и дело свое?

Како да им простиме на гробарите што ни’ копаат гроб живи и без трага да не’ поклопат, кога нивната подземна расипаност и подивена **гордост** немаат ни жал ни срам пред светот да признаат дека нас невини не’ осудуваат на уништување со секој недозволен метод?

Како да им простиме на **завидливите**, тие вековни борби водат против нашиот ген, и не се помирија со разликите во нашата чесна добрина и чиста жртвеност посветени на правдата, иако сме од ист корен сплетени во живот на планетата? Тие подлост, ние невиност!?

Како да им простиме за нивната бесрамна, незаконска **страст** да слават кога го лажат светот дека сме нивна своина, да ја силуваат нашата духовна убавина, нашите природни богатства, нашите деца и старци, нашите најспособни за напредок?

Како да им простиме на **лажните** трговци со демократија, кога тие, со маката и трудот на вредниот народ купуваат „простувања на гревот“ од странски страни, и од домашни небрани зелени, а црвени и црни зеленаши, а нас не’ плашат со светски закани-закони?

Како да им простиме на **гневот** против нашето право да се браниме од нивното исконско и историско зло, кога тие се жалат кај проститутките, за тие да донеле современа правда и мир, а нас да не’ силувале додека да заборавиме кои сме, зошто сме, до каде да издржиме?

Како да им простиме за целосното и масовно **убиство** на Македонците, на нашето здраво семе никнувано на нашата сеуште незагадена почва, кога тие, пост-хумани пост-верници не веруваат во казнување на злото, зашто за нив не постои, не важи законот за доброто?

Господе, помогни ни’ да си помогнеме, да се браниме од нив, безмилосните противници

кои не сакаат да знаат за простување ни на Прочка ни било кој Божји ден. А нивна ноќ пали црни кристали, црвени карневали и бели Лаги во време на Лажниот Принц на Мирот.

Прости им, Боже, не знаат што прават. Но, крајно време е ние да знаеме што да направиме.